ИСОС
Република Македонија
Институт на Сметководители
и Овластени Сметководители

Институт на сметководители и овластени сметководители
*Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,*
*Скопје, Република Македонија*

Врз основа на член 9 и член 16 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ" бр.42/2020), Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на седницата одржана на 04.02.2021 година донесе:

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302/1165-013
04.02.2021 год.
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА

## за приватност на веб страницата www.isos.com.mk

Институтот на сметководители и овластени сметководители ИСОС Ве уверува дека податоците внесени на нашата веб страна www.isos.com.mk нема да бидат злоупотребени, објавени во каков било медиум или споделени со друго трето правно, односно физичко лице во согласност со Законот за заштита на личните податоци и позитивната законска регулатива. ИСОС ќе ги обработува и чува Вашите лични податоци собрани преку веб страната во согласност со Законот за заштита на лични податоци и со останатите важечки прописи во Република Северна Македонија. Податоците и информациите што го идентификуваат корисникот, единствено може да бидат откриени на надлежни државни органи, врз основа на нивно барање или одлука засновани на закон. Истите ќе се чуваат во временски период колку што е потребно за исполнување на целта заради која се собрани.

ИСОС презема мерки на претпазливост за да ги заштити личните податоци на корисниците во согласност со позитивните законски прописи. Со цел да обезбедиме тајност и заштита на личните податоци за субјектите, применуваме соодветни технички и организациски мерки за заштита од случајно или незаконско уништување на личните податоци, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап и заштита од какви било незаконски облици на обработка во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Со пристапот или со користењето на веб страната на ИСОС, корисникот потврдува дека ги прочитал, разбрал и дека се согласува со сите услови на Политиката за приватност и со начините на користење на веб страната www.isos.com.mk Доколку корисникот не се согласува со овие услови го молиме да не пристапува на веб страната.

Оваа Политика за приватност може да биде изменета во кое било време со објавување на изменетиот текст на Политиката за приватност на веб страна.

Доколку имате какви било прашања во врска со заштитата на личните податоци, Ве молиме да ни испратите електронска порака на мејл адресата на нашиот офицер за заштита на податоци:

Весна Миновска
мејл адреса: vesna.minovska@isos.com.mk
тел: 389 2 3200 030

**Институт на сметководители и овластени сметководители**

**Претседател**

**М-р Ленче Папазовска**

во отсуство